Република Северна Македонија
**Н О Т А Р**
**Стела Лазаревска**
за подрачјето на
основните судови на градот Скопје
бул. Кузман Јосифовски Питу број 19 локал 50 приземје
Скопје

ОДУ број 182/2023

ИЗВОД

06.06.2023 година (шести јуни две илјади дваесет и трета година)
Скопје во 10,00 часот

**ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**НА АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА СКОПЈЕ**

Јас, Нотар Стела Лазаревска, за подрачјето на Основните судови на градот Скопје, со седиште на нотарската канцеларија на бул.Кузман Јосифовски Питу број 19 локал 50 приземје Скопје, потврдувам дека на писмена покана од 16.05.2023 година од АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје за мое присуство и водење на записник од седницата, кое барање е потпишано од извршниот директор на АД-Татјана Лазаревски,- Прилог на оваа нотарска исправа, присуствував на седницата на собрание на Акционери на Друштвото која се одржа на денешен ден 06.06.2023 година, со почеток во 10,00 часот, на паркингот пред Управната зграда на Раде Кончар, на Бул. Трета Македонска Бригада ББ Скопје.

**Како прилог на писменото барање ми беше приложено:**
**Јавен повик** за одржување на седница на редовно годишно собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна Техника Скопје, објавен на страницата СЕИ НЕТ на ден 05.05.2023 година и во дневно гласило Слободен печат на ден петок 05.05.2023 година;- Прилог на оваа нотарска исправа, со објавен:

**ДНЕВЕН РЕД**

**I. Процедурален дел**
**1. Отварање на собранието;**
**2. Избор на претседавач на Собранието;**
**3 .Одредување на записничар-Нотар;**
**4. Избор на трочлена верификациона комисија и бројач на гласови;**
**5. Избор на трочлена комисија за тајно гласање;**
**6.Извештај на верификационата комисија;**
**II. Работен дел**
**1.Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2022 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје за деловната 2022 година;**
**2.Разгледување и усвојување на Годишната сметка за 2022 година;**
**3.Разгледување и усвојување на ревидираните финансиски извештаи за 2022 година;**
**4.Донесување на Одлука за распределба на добивката по годишна сметка за 2022 година;**
**5.Донесување на Одлука за распределба на дел од акумулираната добивка како дивиденда на акционерите;**
**6.Донесување на одлука за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар;**
**7. Донесување на одлука за исплата на аванс на дивиденда;**
**8. Донесување на одлука за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2023 година;**
**9. Донесување на одлука за стекнување на сопствени акции со откуп;**
**10. Донесување на одлука за отповикување и избор на членови на Одборот на директори;**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НОТАР СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА СКОПЈЕ

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Во мојата архива се наоѓаат:-------------------------------------------------------------------------------------
-Предлог од група акционери за избор на претседавач на собранието, за избор на трачлена верификациона комисија и бројач на гласови и за избор на тричлена комисија за тајно гласање, заведен под број 0202-45 од 11.05.2023 година;-------------------------------------------------------------------
-Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2022 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника за деловната 2022 година;-------------------------------------------------------------------------------
-Извештај на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна Техника-Скопје за работењето во деловната 2022 година;-----------------------------------------------------------------------------------------
-Предлог Одлука за усвојување на годишната сметка за 2022 година; Биланс на состојба и биланс на успех;------------------------------------------------------------------------------------------------------
-Предлог одлука за усвојување на ревидираните финансиски извештаи за 2022 година; Финансиски извештај; Извештај на независните ревизори;---------------------------------------------------------------
-Предлог одлука за распределба на добивката по годишна сметка за 2022 година;-----------------------
-Предлог одлука за распределба на дел од акумулираната добивка како дивиденда на акционерите;--
-Предлог одлука за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар;-----------------------------------------------------------------------------------------------------
- Предлог одлука за исплата на аванс на дивиденда;-------------------------------------------------------------
-Предлог одлука за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2023 година;-----------
-Предлог одлука за стекнување сопствени акции со откуп;-------------------------------------------------------
-Предлог одлука за отповикување и избор на членови на Одбор на директори;----------------------------
- Фотокопии од: Предлог на кандидати за членови на Одбор на Директори, заведен под број 0202- 46 од 11.05.2023 година; Предлог на кандидат за член на Одбор на Директори, заведен под број 0202- 47 од 12.05.2023 година; Предлог на кандидат за член на Одбор на Директори, заведен под број 0202- 48 од 12.05.2023 година; Предлог на кандидат за член на Одбор на Директори, заведен под број 0202- 49 од 12.05.2023 година; Предлог на кандидат за член на Одбор на Директори, заведен под број 0202- 50 од 12.05.2023 година; Биографии на кандидатите;-------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-**Акционерска книга,** издадена од Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 05.06.2023 година, во 10:22:18 часот, според која номиналниот капитал на Друштвото изнесува 4.124.600 ЕУР кој е поделен на 206230 обични акции чија номинална вредност изнесува 20 ЕУР, иматели 634, сопственички позиции 634;-Прилог на оваа нотарска исправа;----------------------------
Нотарот извади Тековна состојба на **АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје**, со седиште на Бул.3-та Македонска Бригада бр.ББ Скопје, со ЕМБС 4053222, издадена од ЦР на РСМ –Трговски регистар и регистар на други правни лица од 06.06.2023 година-Прилог на оваа нотарска исправа;-----
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Врз основа на погоренаведеното и врз основа на поканата, во согласност со член 92 од ЗН и останатите законски прописи, го составив следниот:------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**----------------------------------------------ЗАПИСНИК----------------------------------------------**
Пред отпочнувањето на седницата акционерите и нивните полномошници пристапија кон потпишување на Списокот на присутни акционери и полномошници на акционери, по што се пристапи кон евидентирање на пријавените акционери и полномошници на акционери во систем за утврдување на присутност и кворум за работа и одлучување, по што преку истиот систем е изготвена листа на присутност на собранието-Прилог на оваа нотарска исправа.-----------------------------------------
По завршувањето на евидентирањето, седницата на годишното собрание ја отвори претседавачот на претходното акционерско собрание Чедомир Стојковски, кој ги поздрави акционерите. Пред да се започне со работа рече дека треба да се утврди кворумот. Од листата на присутност може да се каже дека од вкупно 206230 акции од кои 476 се без право на глас или 205754 акции со право на глас, присутни се акционери и нивни застапници кои поседуваат 177074 акции и тоа 86,06%. Со тоа констатира дека собранието има кворум за работа и одлучување.---------------------------------------------
НОТАР СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА СКОПЈЕ

---

**Потоа се премина на процедуралниот дел од дневниот ред.** ----------------------------------------------
Со оглед на тоа што е констатирано дека собранието има кворум за работа, се преминува на **втората точка** од процедуралниот дел од дневниот ред -**Избор на претседавач на Собранието**. ----------------
Г-дин Чедомир Стојковски рече дека до собранието на акционери на 11.05.2023 година од група акционери има пристигнато еден предлог за претседавач на собранието – за Чедомир Стојковски. Друг предлог нема.------------------------------------------------------------------------------------------
Потоа го стави предлогот на гласање со кревање на рака и за истиот гласаа присутните акционери.----
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Собранието едногласно, со 177.074 гласа ЗА или 100%, го избра Чедомир Стојковски за претседавач на Собранието на акционери.**----------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот Чедомир Стојковски** се заблагодари за укажаната доверба и констатира дека записничар на собранието е Нотар Стела Лазаревска.-----------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот рече дека во однос на **четвртата точка** од процедуралниот дел од дневниот ред- **Избор на бројач на гласови,** на 11.05.2023 година до Собранието е пристигнат еден предлог од акционери, со кој лицето Теодоров Александар е предложено како бројач на гласови.----------------
Потоа претседавачот ја стави точката на гласање и за истата гласаа присутните акционери со кревање на рака.------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Собранието едногласно со 177074 гласа ЗА или 100% го избра Теодоров Александар за бројач на гласови;**-------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот рече дека во однос на **четвртата точка** од процедуралниот дел од дневниот ред- **Избор на членови на верификациона комисија,** на 11.05.2023 година до Собранието е пристигнат еден предлог од акционери, со кој лицата Ивановски Велибор, Теодоров Александар и Баришиќ Руска се предложени како членови на верификационата комисија---------------------------------
Потоа претседавачот ја стави точката на гласање и за истата гласаа присутните акционери и застапници поединечно.----------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 103.284 гласа ЗА или 58,33% и 73.790 гласа ПРОТИВ или 41,67%, донесе Одлука за избор на Ивановски Велибор, Теодоров Александар и Баришиќ Руска за членови на верификационата комисија;**-----------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот рече дека во однос на **петтата точка** од процедуралниот дел од дневниот ред- **Избор на трichлена комисија за тајно гласање,** на 11.05.2023 година од група акционери до Собранието е пристигнат еден предлог, со кој лицата Ивановски Велибор, Теодоров Александар и Баришиќ Руска се предложени како членови на комисијата за тајно гласање.------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот ја стави точката на гласање и за истата гласаа присутните акционери и застапници поединечно.----------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 103.284 гласа ЗА или 58,33% и 73.790 гласа ПРОТИВ или 41,67%, донесе Одлука за избор на Ивановски Велибор, Теодоров Александар и Баришиќ Руска за членови на комисијата за тајно гласање;**-----------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Листите за Процедурално гласање-** за Избор на претседавач на Собранието; за Избор на верификационата комисија; за Избор на бројач на гласови и за избор на тричлена комисија за тајно гласање се прилози на оваа нотарска исправа;------------------------------------------------------------------
**Списокот** на присутни акционери и полномошници на акционери е Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Потоа претседавачот ја замоли верификационата комисија да изврши проверка на евиденцијата на присутни акционери и во полномошната и да го провери кворумот, а на проверката може да присуствува и нотарот.------------------------------------------------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НОТАР СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА СКОПЈЕ

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Откако се изврши проверка на присуството на седницата и доставените полномошна, Верификационата комисија на претседавачот му даде листа на присутни акционери и застапувани акционери, потпишана од членовите на верификационата комисија, врз основа на која претседавачот констатира дека на денешната седница за учество се пријавени акционери кои имаат право на 177074 гласа, односно 86,06% од вкупно 205754 акции со право на глас, а согласно Акционерската книга без право на глас се 476 акции, по што констатираше дека собранието има кворум за работа и за одлучување.------------------------------------------------------------------------------------------------
На Нотарот му се дадени листи на застапници на акционери- Прилог на оваа исправа;-------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Потоа претседавачот рече дека собранието може да продолжни со работа по точките од работниот дел од дневниот ред.**------------------------------------------------------------------------------
Пред да се премине на првата точка од работниот дел, за збор се јави акционерот Горан Антевски кој побара веднаш да изврши увид во полномошната и побара копија од истите со прикриени заштитени лични податоци од акционерите. Воедно достави писмено барање до претседавачот на собранието со барањето за увид, а доколку не постои можност увидот и добивањето фотокопии да биде извршен веднаш, бара истиот да му биде овозможен најдоцна во рок од 3 дена од денот на одржување на собранието во присуство на неговиот полномошник. Еден примерок од барањето е доставен до нотарот- Прилог на оваа нотарска исправа. Праша дали може сега на седницата да направи увид, затоа што некои работи не му се совпаѓаат.--------------------------------------------------
Претседавачот му одговори дека во листата на присутност и во книгата може да направи увид.---------
Горан Антевски на ова рече дека не му се дозволува да направи увид во полномошната, а мисли дека верификационата комисија има направено пропуст. Посебно акционерите Канчевски Влатко и Канчевски Ратко доставиле ново полномошно и немаат толку гласови како што тврди верификационата комисија. Комисијата е должна да провери.----------------------------------------------------
Татјана Лазаревски предложи, за да нема проблеми уште на самиот почеток, акционерот да направи увид, увидот не е спорен, покриени се личните податоци. ----------------------------------------------------
Горан Антевски бара новите полномошна да важат, а старите полномошна да не важат, бидејќи има промени и некои луѓе не знаат кој за кого треба да гласа. Не ми дозволувате увид, рече, за да ви покажам.------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Татјана Лазаревски повтори дека за неа не е спорно да направи увид, покриени се матичните броеви на полномошната.--------------------------------------------------------------------------------------------------
Јана Каневче Стојкова рече дека секоја година истото се случува.Една година Владанка и адвокатот направиле увид на полномошната во седиштето на друштвото. ---------------------------------------------
Горан Антевски рече дека се сомнева, затоа што колегите му кажале дека имаат малку полномошна, а овде се појавува дека имаат над 15000. Ги праша и другите акционери дали може да ги види полномошната на Руска, Руска тоа го дозволува. А зошто да не направам и копија, рече, по закон ми следува.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Јана Стојкова Каневче рече дека сака да прочита како е предвидено во Законот – Пред почетокот на одржување на седницата на собрание на акционери, списокот го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник, со што го верификува своето присуство на собранието со свој потпис. Потпишаниот список со свој потпис го заверуваат претседавачот и записничарот.По заверката на списокот, претседавачот го утврдува кворумот за работа. Тоа се направи. Ние имаме верификациона комисија. Секој присутен акционер може да бара копија од потпишаниот список. Тој што има проблем со гласовите сам како акционер или како полномошник треба да пријави и да каже.----------
Татјана Лазаревски рече дека нема потреба да има сомневање дека некој нешто прави, нека направи увид.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Горан Антевски побара да се нотира дека Ацо Теодоров ги убедува акционерите дека тоа се нивни полномошна иако тие кажуваат дека не се нивни полномошна. --------------------------------------------
Чедомир Стојковски им рече на акционерите Ратко и Влатко Канчевски да направат увид во своите полномошна. ------------------------------------------------------------------------------------------------------
Горан Антевски праша како можат да важат полномошна од минатата година, можеби некој починал.
Татјана Лазаревски му одговори дека полномошната важат две години. -----------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Александар Теодоров кажа дека акционерите Ратко и Влатко Канчевски бараат да не важат нивните полномошна. ----------------------------------------------------------------------------------------------------

Настана вкрстен разговор помеѓу повеќе акционери. ---------------------------------------------------------

Татјана Лазаревски и рече на Јана Стојкова Каневче дека според неа, не е спорно да се направи увид и ја прочита одредбата од ЗТД за тоа колку време важат полномошната. Полномошното има важност до неговото отповикување, но не подолго од 2 години сметано од денот на неговото давање. Не мора секоја година да се носи ново полномошно.---------------------------------------------------------------------

Александар Теодоров кажа дека акционерите Ратко и Влатко Канчевски не сакаат да гласаат за своите полномошници, туку само за себе и праша дали да ги тргне тие гласови. Сега чија желба да се почитува, праша, на тој што го дава полномошното или на полномошникот. ------------------------------

Татјана Лазаревски одговори дека полномошната им важат, не се повлечени. ------------------------------

Јана Каневче Стојкова бара да влезе во записник кој го дозволи увидот и кој го контролира увидот. -

Татјана Лазаревски појасни дека и во случај да не се засенчени личните податоци, увид е, не се обработуваат податоците. ---------------------------------------------------------------------------------------

Чедомир Стојковски повтори дека може да се даде списокот на акционери кои се присутни и листата на акционери кои ги застапуваат полномошниците. Другиот увид го направи верификационата комисија и таа си даде свое мислење. ----------------------------------------------------------------------------

Јана Стојкова Каневче рече дека може акционерот да си направи увид во оние полномошна каде што тој е полномошник, а овде сега се прави увид од акционер во полномошна со кои не е поврзан. -----

Горан Антевски и одговори дека на увидот не е сам, заедно е со Руска. ---------------------------------------

Јана Стојкова Каневче се запраша дали сега уште некој ќе се пријави за увид, ова може да се направи во канцеларија. ------------------------------------------------------------------------------------------------------

Чедомир Стојковски појасни дека треба да се направи пресек на ситуацијата два дена пред одржување на собранието, ние дозволуваме и на собрание да се носат полномошна, рече, сега прифативме едно ново. ---------------------------------------------------------------------------------------------

Татјана Лазаревски ги праша Влатко Канчевски и Ратко Канчевски зошто сакаат полномошната да не им важат. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Тие одговорија дека немаат увид од кога се, дали се од 2020 или 2019 година. -----------------------------

Чедомир Стојковски го прочита деловникот за работа на собранието, член 17. –Пред почетокот на собранието се составува список на акционери со застапници со право на управување. Списокот го изготвува комисијата за акции на АД. Списокот се доставува на увид на учесниците на собранието пред првото гласање. На секој акционер, односно застапник може да му се даде копија од списокот.Тоа е во деловникот. Ние сме сега уште во процедуралниот дел. --------------------------------

Горан Антевски бара да се констатира дека вршејќи увид во полномошната дадени на Баришиќ Руска дека на полномошното на Костовски Злате нема потпис, а на известувањето има. ----------------------

Јана Стојкова Каневче рече дека има право на увид во полномошната, а увид нека закаже и тоа може да се направи во просториите на АД-то, можел и пред 5 дена да го направи. -----------------------------

Горан Антевски и одговори дека не сум можел. ---------------------------------------------------------------------

Претседавачот рече дека ако се следи процедурата, требаше да се достават два дена пред собранието и да не се прифаќа ниедно полномошно што ќе биде после донесено. Се врши пресек 2 дена пред собранието. Ова носење полномошна на денот на собранието не е во ред според деловникот. ----------

Сега излегува дека овие присутни акционери дека немаат толку акции. -----------------------------------

Јана Стојкова Каневче рече дека ако се отповикуваат полномошна, тоа треба написмено да се направи, т.е извести. -----------------------------------------------------------------------------------------------------

Александар Теодоров повторно праша дали да ги тргне полномошната на Ратко и Влатко.------------

Татјана Лазаревски му одговори дека тргање нема, луѓето дале полномошна кои се важечки. Се додека не ги отповикаат, важат.-----------------------------------------------------------------------------------------

Ѓорѓи Доновски не се согласува и рече дека полномошникот да го откаже полномошното. -------------

Татјана лазаревски му одговори дека може, но не на самото собрание. --------------------------------------

Јана Стојкова Каневче рече дека не се знае што запишува при увидот Горан Антевски.------------------

Горан Антевски и одговори дека не треба да и биде гајле, ти си акционер како и јас и одговори. ------

Јана-јас сум претседател на одбор на директори ----------------------------------------------------------------

Горан Антевски и рече дека тогаш треба да му каже дека не смее да направи увид. Бара да влезе во записник дека претседателот на одборот не му дозволува понатамошен увид. ------------------------------
Јана Стојкова Каневче рече дека прочитала какви се законските одредби во однос на увидот во списокот и дека не настапува на собранието како претседател на одборот туку како акционер. Доколку акционер смета дека треба да направи увид во полномошната, слободно може во било кое време да се закаже термин, зошто во текот на собранието прашање е дали и некој друг акционер сака да прави увид во сите полномошна. Дали сме спремни на сите да им овозможиме увид во овој момент. Не е точно дека претседателот на одборот забранил увид. -------------------------------------------
Претседавачот праша дали некој сака листа на присутни или листа на застапници. -----------------------
Акционерот Черепналковски побара да му се достави листа на присутни и му се доставува. -----------
Ѓорѓи Доновски дека тоа што се кажува за двата дена пред собранието не држи. ----------------------
Татјана лазаревски му одговори дека така стои во јавниот повик. Важат тие полномошна, која е целта на седница да се откажат, го праша. ------------------------------------------------------------------------
Јана Стојкова Каневче одговори дека Законот предвидел тоа да биде написмено, како што е дадено, така и се отповикува. ---------------------------------------------------------------------------------------------
Ѓорѓи Доновски рече дека на седницава се води записник и може на записник да се откаже. ---------
Претседавачот рече дека има промена на состојба на присутност. Во моментот се присутни 179112 акции или 87,05% , заради Доновски и предложи да не се прави театар на собранието. ----------------
Јана Стојкова Каневче праша дали промената на состојбата се должи само на евидентирање на нов полномошник или отповикување на тие претходните. --------------------------------------------------------
Претседавачот и одговори дека се должи на новиот полномошник.-------------------------------------------
Јана Стојкова Каневче бара да се нотира дека откако е почната седницата, дојден е полномошникот Доновски и прифатено му е полномошното. -------------------------------------------------------------------
Новата листа на присутност од 179.112 гласови е прилог на оваа нотарска исправа.-----------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Се преминува на работниот дел од дневниот ред. ------------------------------------------------------**
Потоа претседавачот рече дека јавниот повик за собранието е објавен благовремено на 05.05.2023 година во дневниот печат Слободен печат, на 05.05.2023 година во 08:23 часот на интернет страницата на Друштвото и на СЕИ НЕТ и во посториите на архивата на друштвото заедно со материјалите.---------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Потоа се пристапи кон првата точка од работниот дел од дневниот ред- Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2022 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје за деловната 2022 година;------------------------------------------------------------------------------**
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор по однос на оваа точка.-----------------------------------
Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот ја стави точката на поединечно гласање.-----------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 137.525 гласа ЗА (76,78%), 41.587 гласа ПРОТИВ (23,22%), донесе Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2022 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје за деловната 2022 година;---------------------------------------**
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Листата за гласање по точка 1 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Потоа се пристапи кон втората точка од работниот дел од дневниот ред- Разгледување и усвојување на Годишната сметка за 2022 година;----------------------------------------------------**
Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на поединечно гласање.------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 132.686 гласа ЗА (74,08%), 46.426 гласа ПРОТИВ (25,92%) донесе Одлука за усвојување на Годишната сметка за 2022 година;-----**
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Листата за гласање по точка 2 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НОТАР СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА СКОПЈЕ

---

**Потоа се пристапи кон третата точка од работниот дел од дневниот ред-Разгледување и усвојување на ревидираните финансиски извештаи за 2022 година; ---------------------------------- ---**
По однос на оваа точка од дневниот ред, Горан Антевски предложи ревизорот да се изјасни.-----------
Ревизорот се претстави како Јане Иванов-овластен ревизор во друштвото Мазарс Ревизија ДООЕЛ Скопје, кој ги извести акционерите дека овластениот потписник на ревизорското мислење е на службен пат во странство, па тој ја користи приликата да биде присутен на ова собрание, инаку во самата ревизија на друштвото учествувал како овластен ревизор на контрола на квалитетот на извршената ревизија. Ревизорските извештаи им се доставени на акционерите на увид. Ревизијата е извршена во согласност со меѓународните стандарди за ревизија кои што се во примена во Македонија и согласно нивното мислење, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на АД Раде Кончар Апаратна Техника Скопје за 2022 година како резултатите од работењето, движењето на капиталот и паричните текови. Мислењето содржи и две точки за корисниците на финансиските извештаи меѓу кои што се и акционерите. Првата точка е позната за сите вас, рече, она што се повторува неколку години наназад, се однесува на нерегулирана сопственост на земјиште кое е во сосопственост на РК Апаратна Техника и Енергетика, каде што постапката за дефинирање на сопственоста и понатаму е во тек. Постои комуникација со АКН каде што таа постапка се уште се води и ние обрнуваме внимание дека ова се уште не е регулирано целосно, така што моменталната сосптвеност може да се каже дека е во сосопственост. На делот од Енергетика има хипотека и сметавме дека ова треба да се обелодени во нашиот извештај како обрнување на внимание, а не како квалификација и забелешка, затоа што имаме докази дека друштвото ги презело сите активности кои што се во законска надлежност да може ова да се заврши. За жал постапката трае повеќе години. Другата точка е специфична и нова за оваа година, се работи за објавени финансиски извештаи на друштвото, неревидирани, каде што не се земени предвид резултатите од изгубен судски предмет, каде што во текот на ревизијата не е идентификувано дека тој судски спор кој траел повеќе години е затворен на штета на едно од придружните ентитети, тоа е Заеднички дејности, каде што Апаратна техника има значаен удел од 40% и мора да ги известува резултатите од тоа друштво, како и од Контактори и релеи во своите финансиски извештаи согласно ЗТД и правилникот за сметководство, кој што ги содржи меѓународните стандарди за сметководствено известување. Согласно стандардот 10, таквата појава е прецизно дефинирана дека треба да предизвика корекција на финансиските извештаи, иако конечната пресуда е добиена во 2023 година. Во духот на самиот стандард се бара, кога Друштвото очекува дека ќе има парични одливи по одреден судски спор, за кои што нема други правни механизми да се спречи таквиот одлив, соодветна резервација треба да се направи во финансиските извештаи. Раководството на Апаратна техника го нотираше, ги исправи финансиските извештаи кои како неревидирани беа доставени до македонската берза и до јавноста, ние сме потполно согласни со тој пристап што е направен, како резултат на тоа што се работи за јавно котирано друштво, каде што јавноста доби одредена информација дека резултатите на работењето се едни, а сега имаме други, ние сметавме дека ова треба да биде наведено во ревизорското мислење како обрнување на внимание, така што е детално елаборирано. Сметан, рече, дека акционерите се запознати со сето тоа, други забелешки во самото мислење нема, но ако има прашања може да одговори.------------------------------------------------------------
Донка Накова праша за кој стандард се работи. ----------------------------------------------------------------
Ревизорот и одговори дека може да се повика на Сл.Весник бр.159 од 2009 година каде што е објавен правилник за сметководство, во 2009 година меѓународните стандарди за финансиско известување кои важат на меѓународно ниво, нашата земја одлучи да ги прифати тие стандарди ги постави како рамка согласно која ние ја водиме сметководствената евиденција за сите правни субјекти, така што тие стандарди ја содржат рамката, означени се од 01-41 и МСФИ од 01-06, иако меѓународните стандарди денес се променети и подобрени, кај нас не се објавени. Стандардот 10 ги регулира прашањата дали одредени корекции во финансиските извештаи треба да се направат после периодот на известување. И самиот стандард 10 се вика- настани по периодот на известување. Така што прашањето околу изгубениот судски спор е настан после известувањето. Ние даваме мислење на историски податоци за период до 31.12.2022 година. На пример, во март 2023 се запали фабриката, а ние во април треба да дадеме мислење. И ако во таа фабрика имало материјали и залихи, ние не можеме да кажеме дека се е супер со компанијата, но бидејќи е жива материја, ние треба да кажеме дека на тој датум финансиските извештаи биле реално прикажани. Можете да ги прочитате стандардите. ---------------------------------------------------------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НОТАР СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА СКОПЈЕ

---

Потоа Ѓорѓи Доновски рече дека ревизорот спомнал за делба на земјиште, дека постојат постапки за делба на имот во јавните книги меѓу Апаратна техника и Енергетика, ја спомна АКН, па праша кои се тие постапки, кои се тие институции, државни, судски, локална самоуправа, државна управа, со оглед на тоа дека ревизорот даде таква констатација. ---
Ревизорот му одговори дека може дополнително да му се достави се што како документација имаат, такви информации добивале од раководството. ---
Татјана Лазаревски му појасни на Доновски дека тоа е стандардно писмо од пред неколку години во кое е наведено дека дека тие забелешки не задираат во сопственоста на Апаратна техника. Нови постапки нема. Само преговори се Енергетика. ---
Ѓорѓи Доновски рече дека е нотирано дека има упис во 2017 година, па бара да го добие.---
Татјана лазаревски му рече дека има и во 2021 година и може да се добие. ---
Ѓорѓи Доновски побара да се нотира дека писмено ќе се обрати и да му се достави.---
Претседавачот ја стави на точката на гласање и за истата гласаа присутните акционери поединечно.---
**Претседавачот констатира дека Собранието со 148.469 гласа ЗА (82,89%), 30.643 гласа ПРОТИВ (17,11%), донесе Одлука за усвојување на усвојување на ревидираните финансиски извештаи за 2022 година;---**

Листата за гласање по точка 3 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;---

---

**Потоа се пристапи кон четвртата точка од работниот дел од дневниот ред- Донесување на Одлука за распределба на добивката по годишна сметка за 2022 година;---**
Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, Претседавачот ја стави на точката на гласање и за истата гласаа присутните акционери поединечно.---
**Претседавачот констатира дека Собранието со 132.686 гласа ЗА (74,08%), со 46.426 гласа ПРОТИВ (25,92%) донесе Одлука за распределба на добивката по годишната сметка за 2022 година;---**
Листата за гласање по точка 4 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;---

---

**Потоа се пристапи кон петтата точка од работниот дел од дневниот ред- Донесување на Одлука за распределба на дел од акумулираната добивка како дивиденда на акционерите;---**
Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на поединечно гласање.---
**Претседавачот констатира дека Собранието со 132.686 гласа ЗА (79,12%), со 35.008 гласа ПРОТИВ (20,88%) донесе Одлука за распределба на дел од акумулираната добивка како дивиденда на акционерите;---**
Новата листа на присутност од 167694 гласови е прилог на оваа нотарска исправа.---
Листата за гласање по точка 5 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;---

---

**Потоа се пристапи кон шестата точка од работниот дел од дневниот ред- Донесување Одлука за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар; --**
Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на поединечно гласање.---
**Претседавачот констатира дека Собранието со 142.534 гласа ЗА (85,00%), со 25.160 гласа ПРОТИВ (15,00%), донесе Одлука за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар; ---**

---

Листата за гласање по точка 6 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;---

---

**Потоа се пристапи кон седмата точка од работниот дел од дневниот ред- Донесување Одлука за исплата на аванс на дивиденда; ---**
Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање поединечно.---

Република Северна Македонија
НОТАР
СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 136.324гласа ЗА (81,29%), со 31.370 гласа ПРОТИВ (18,71%) донесе Одлука за исплата на аванс на дивиденда;-------------------------**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Листата за гласање по точка 7 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Потоа се пристапи кон осмата точка од работниот дел од дневниот ред- Донесување Одлука за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи на АД Раде Кончар –Апаратна техника –Скопје за 2023 година; ----------------------------------------------------------------------------------**

Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање поединечно.-----------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 132.686 гласа ЗА (79,12%), со 35.008 гласа ПРОТИВ (20,88%) донесе Одлука за избор на Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО-Скопје за ревизор за ревизија на финансиските извештаи на АД Раде Кончар –Апаратна Техника –Скопје за 2023 година; ----------------------------------------------------------------------------**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Листата за гласање по точка 8 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Потоа се пристапи кон деветтата точка од работниот дел од дневниот ред- Донесување Одлука за стекнување сопствени акции со откуп; ------------------------------------------------------------------**

Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање поединечно.-----------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 103.84 гласа ЗА (61,59%), со 64.410 гласа ПРОТИВ (38,41%) донесе Одлука за стекнување сопствени акции со откуп; -----------------------**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Листата за гласање по точка 9 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Потоа се пристапи кон десеттата точка од работниот дел од дневниот ред- Донесување Одлука за отповикување и избор на членови на Одборот на Директори; --------------------------------------**

Претседавачот појасни дека Членовите на Одбор на директори- Јана Стојкова Каневче, Татјана Лазаревски, Корина Киријас Цалева, Горан Јанчиќ и Татјана Вељковиќ поради истекот на мандатот за кој се избрани треба да се отповикаат од функцијата, а мандатот им трае до изборот на нов Одбор на Директори. Од страна на акционери се доставени предлози за избор на членови на Одборот на директори и тоа: –Јана Стојкова Каневче, Корина Киријас Цалева, Горан Јанчиќ, Коевски Горан, Андонов Марко, Доновски Ѓорѓи, Канчевска Ана, Кочмановски Мартин и Петрушев Ѓорѓи.-----------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот ја повика комисијата да го спроведе тајното гласање. Гласањето ќе се врши за секој член, вкупно има предложени девет кандидати, треба да се гласа максимум за пет члена ЗА, за другите може да се гласа воздржано или против, но за секој член треба да се гласа. Се избираат 5 членови и не може еден да гласа со ЗА за повеќе од пет члена.------------------------------------------

Со оглед на тоа што по гласањето за осмата точка некои акционери го напуштија собранието, верификационата комисија направи нова листа на присутни акционери, од која се констатира дека во моментот се присутни акционери кои поседуваат 162.680 акции, односно претставуваат 79,07 %, која листа е потпишана од претседавачот и е прилог на оваа нотарска исправа;--------------------------------

**По завршувањето на тајното гласање, комисијата ги преброи гласовите и на претседавачот му ги предаде резултатите од тајното гласање, по што претседавачот констатираше дека акционерите гласале за секој од предложените кандидати и донеле одлука за избор и назначување на членови на Одбор на директори:-----------------------------**

**Јана Стојкова Каневче со 98.668 гласа ЗА или 60,7%, воздржани 4.686 гласа или 2,9% и против 7.416 или 4,6%;-------------------------------------------------------------------------------------------**

**Корина Киријас Цалева со 98.668 гласа ЗА или 60,7% , воздржани 4.686 гласа или 2,9% и против 7.416 или 4,6%;-------------------------------------------------------------------------------------**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА
СКОПЈЕ

---

**Горан Јанчиќ со 103.033 гласа ЗА или 63,3% , воздржани 4.686 гласа или 2,9% и против 7.416 или 4,6%;---------------------------------------------------------------------------------------------------------**
**Горан Коевски со 134.724 гласа ЗА или 82,8%, воздржани нема и против 5.378 или 3,3%;---------**
**Марко Андонов со 108.411 гласа ЗА или 66,6% , воздржани нема и против 2.038 или 1,3%;-------**

---

Има неважечки избирачки ливчиња со 18.216 глас, бидејќи на истите акционерите гласале со повеќе од 5 ЗА за предложените кандидати.--------------------------------------------------------------
Резултатите од тајното гласање по точка 10 од дневниот ред за избор на членови на одбор на директори е Прилог на оваа нотарска исправа;-------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека со тоа се исцрпи дневниот ред.-------------------------------------------
Седницата на редовното годишно Собрание на акционери заврши со работа во 13,30 часот.------------

---

Во согласност со член 92 од Законот за Нотаријатот, потврдувам дека овој Записник го водев лично, своерачно и дека во него запишав се што се случуваше на седницата на собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје одржана на 06.06.2023 година и дека истиот одговара на фактичката состојба, што и претседавачот го потврди со свој потпис.---------------------------------------
Претседавачот изјавува дека е изречно согласен и го овластува нотарот без негово присуство да изврши исправки на технички и јазични грешки во оваа нотарска исправа, со посебна писмена исправка во согласност со член 42 став 2 од Законот за нотаријатот, која ќе биде составен дел на оваа нотарска исправа и истата ќе му биде доставена.-------------------------------------------------------------------

**Претседавач на Собрание на акционери**

**Чедомир Стојковски с.р.**______________________________________________

---

За потребите на барателот се издадени се два (2) изводи од овој Записник составени на десет (10) страни на десет (10) листа, а изворникот со сите прилози останува во мојата архива.----------------------
Нотарска такса по тарифен број 28 од ЗСТ и член 158 став 3 во износ од 500,00 денари е наплатена.-
Нотарската награда е пресметана по член 41 од Нотарската тарифа во износ од 10.000,00 денари и трошоци во износ од 600,00 денари согласно член 52 од Нотарската тарифа.--------------------------------

ОДУ број 182/2023
Скопје 06.06.2023 година (шести јуни две илјади дваесет и трета година)

**НОТАР Стела Лазаревска**

Јас НОТАР, СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА
(име, презиме - адреса)
потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.
Овој е 06 извод - потврди - во изводок, кои кого на се приложени - се приложени преписи од на нотарската исправа.
Број: ОДУ 182/2023
Во Скопје 06.06.2023 година
НОТАР
(потпис и печат)

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
СКОПЈЕ

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
СКОПЈЕ